32778

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
OSNIVAČ SNJ
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НАРОДЕН ГЛАС
Прилеп

588/3

9. IX. 1985.

НА КРАЈОТ НА УМЕТНИЧКОТО ЛЕТО ВО ПРИЛЕП

# Уметници и од неврзаните земји

Дваесет и осмата по ред Интернационална сликарска колонија заврши. Досега на оваа културно-уметничка манифестација учествуваа над 350 сликари од сите земји во светот кои зад себе, како трајна вредност на градот домаќин оставија над 800 експонати.

Тоа е повод за разговор со секретарот на Центарот за современа уметност Диме Јанески.

— ШТО СО УМЕТНИЧКИТЕ ДЕЛА —

**Фондот на делата е голем и тоа значи непроценливо богатство не само за Прилеп, туку и за целава наша земја воопшто ни рече Јанески.** Тие се чуваат во депото на Институтот за старословенска култура и засега не може да се каже дека му е најдено вистинското место каде ќе можат да ги видат и посетат масовно љубителите на уметноста. Но се прават напори за изнаjдување соодветни решенија овие вредни уметнички дела да бидат попристапни за оние што сакаат навистина да ги видат.

**Како се примени уметниците од организаторот на Колонијата?**

— Како организатор правиме сè, уметниците да се чувствуваат пријатно, удобно и, пред сè, да им обезбедиме материјали за работа. Тоа значи: платно, рамки, бои, четки и се друго. Тие се сместени во конаците на манастирот Св. Архангел Михаил и тука ги имат сите услови за работа. Тука ги создаваат своите уметнички дела.

**Кога се презентираат последните уметнички остварувања од Колонијата?**

— Тоа е традиција, секоја година делата да се презентираат на изложби организирани во чест на некој празник. Најнапред тоа беше во чест на 11 Октомври, Денот на оружeното востание на македонскиот народ, а потоа, последниве неколку години, во чест на 22 Декември — Денот на ЈНА.

— НАМЕСТО 15 ПРИМЕНИ 40 СЛИКАРИ —

**Каков беше одѕивот на уметниците за учество на годинашнава Колонија?**

— Годинава навистина се јавија поголем број на оние што сакаат да учествуваат на Колонијата. Нашите можости беа за прием на 15 сликари. но за да го задоволиме интересирањето, примивме 40 сликари и слободно може да се каже дека некои од нив се врвни сликари во светот. Годинашново Прилепско уметничко лето е едно од најбогатите и најсодржајните. Не само по бројот на учесниците, туку и по имињата на уметниците и делата што ги оставија како трајна вредност на градот.



**На конаците од манастирот Свети Архангел Михаил: амбиент што инспирира за уметничко творење**

**Што се планира за идната година?**

— Како Центар за современа ликовна уметност, планираме догодина да ги збогатиме овие манифестации со нови. И тоа, пред сè, со воведување манифестација за студио во керамика, витраж, стакло и метал. Тоа е наше размислување за во иднина, но дали ќе може да се оствари зависи од обезбедувањето средства.

Е. Цакоска